ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 14 ДАТА 06.07.2018 ГОДИНА 36

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 14 ДАТА 06.07.2018 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 04.07.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ССК НОВА„ Скопје: Стефковски М. Дарко од ФК „Еуромилк ГЛ АД„ од Скопје по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 28.06.2018 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кавадарци фудбалерите: Јованова Љ. Ирена од Женскиот фудбалски клуб „Габер„ од с. Ваташа и Николов С. Никола од Градксиот фудбалски клуб „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сиојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС

**Седница од 18.06.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БОРЕЦ 1919„ Велес: Астарџиев Давид од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по чл. 35/3.
Ибрахимовиќ Џамил, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Дополнување на документација од**
**Седница од 18.06.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР АД„ Скопје: Нилдо Јуффо М. Витор од ФК „Фламуртари Влоре„ од Албанија, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Вардар АД„ од Скопје и фудбалерот Нилдо Јуффо М. Витор склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2020 година.

**Дополнување на документација од**
**Седница од 05.07.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „Вардар АД„ Скопје: Виллиан Лира Соуса од ФК „Салтуеро Атлетико клуб„ од Бразил, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Вардар АД„ од Скопје и фудбалерот Вилиан Лира Соуса склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2020 година.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1461/3
19.06 2018 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109, а вв со член 111 став 3 и 4 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 19.06.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се потврдува одлуката донесена од Одборот за итност на ФФМ на седницата одржана на ден 18.06.2018 година и тоа:
   - Одлука со деловоден број 0202-1448/2.

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

**Образложение**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 19.06.2018 година ја разгледа одлуката донесена од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1461/3

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1461/4
19.06.2018 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 19, од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 19.06.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за назначување на член на Управниот одбор на ФФМ**

**1**. Се избира Димитар Костадионов, за член на Управниот одбор на ФФМ.

**2.** Мандатот на членот на Управниот одбор, Димитар Костадинов ќе трае до Редовното Изборно Собрание на ФФМ кое ќе се одржи во 2021 година.

**3.**Одлуката стапува на сила веднаш, истата ќе се потврди на Редовното годишно собрание на ФФМ кое ќе се одржи во 2019 година.

**4**. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на седницата одржана на 19.06.2018 година , по оставката на Бранко Здравески од функцијата член на Управниот одбор, по спроведена постапка за избор и назначување на член на Упрваниот одбор, утврди дека е пристигнат еден предлог за член на Управниот одбор, од ОФС Кисела вода, по што едногласно донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател
Илчо Ѓоргиоски

Деловоден број 0202-1461/4

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1461/5
19.06 2018 год.

Врз основа на член 109 став 1, од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 19.06.2018 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Не се усвојува барањето за проширување на Прва МФЛ со дел.бр. 0302-1224/1 од 15.05.2018 година, поднесено од ФК Победа АД, ФК Пелистер АД, ФК Скопје АД и ФК Ренова АД.

2. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

**Образложение**

Управниот одбор на седницата одржана на 19.06.2018 година , го разгледа барањето за проширување на Прва МФЛ поднесено од ФК Победа АД, ФК Пелистер АД, ФК Скопје АД и ФК Ренова АД, по што утврди дека актите на ФФМ го регулираат прашањето што е покренато од клубовите.

Имено, Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ се исклучиви по тоа прашање:

Во член 50 од Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ стои:

Деветто и десетто пласираната екипа на конечната табела во Првата фудбалска лига во натпреварувачката 2017/2018 година директно испаѓаат од првата лига и во натпреварувачката 2018/2019 година, се стекнуваат со право да земат учество во Втората фудбалска лига Исток или Запад во зависност од територијалната припадност.

Во натпреварувањето во Првата фудбалска лига за сезоната 2018/19 директно влегуваат прво пласираните екипи на конечните табели на Втората фудбалска лига Исток и Втората фудбалска лига Запад во натпреварувачката 2017/18 година.

Осмопласираната екипа на конечната табела во Првата фудбалска лига во натпреварувачката 2017/2018 година на неутрален терен игра бараж натпревар со победникот од пред квалификациониот (бараж) натпревар помеѓу второпласираните на конечните табели на двете Втори лиги од натпреварувачката 2017/2018 година за пополнување на едно место во Прва МФЛ.

Во член 51 од Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ стои:

Ако бројот на екипите кои се откажале или се исклучени е поголем од бројот на екипите кои по автоматизам како најслабо пласирани ја напуштаат првата лига (деветто и десетто пласираниот) редоследно во првата лига влегуваат:

- екипата елиминирана во бараж натпреварот помеѓу осмопласираниот и победникот од пред квалификациониот (бараж) натпревар, доколку ги исполнува условите за лиценцирање,
- екипата елиминирана во пред квалификациониот (бараж) натпревар, доколку ги исполнува условите за лиценцирање,

Управен одбор

- победник од бараж натпревар помеѓу наредно пласираните екипи на двете втори лиги на конечните табели од натпреварувачката 2017/2018 година доколку ги исполнува условите за лиценцирање.

Согласно наведените одредби точно е утврдено кои екипи по автоматизам ја напуштаат Прва МФЛ во натпреварувачката 2017/18 ( девето и десетто пласираната) и со КОИ ЕКИПИ СЕ ПОПОЛНУВА ПРВА МФЛ ВО НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2018/19.

Девето и десетто пласираната екипа по ниту еден критериум не може да останат членови на Прва МФЛ во натпреварувачката 2018/2019 година.

Секоја друга одлука со која овие две екипи би останале да се натпреваруваат во Прва МФЛ во наредната сезона би значело кршење на актите на ФФМ и доведување во прашање на регуларноста на сегашното и идното првенство.

Имајќи го во предвид погоренаведеното, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA ФФМ SKOPJE СКОПЈЕ

Деловоден број 0202-1461/5

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**